РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 15-698/2 од 03.11.2021

Општина Македонски Брод врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(„Сл. Весник на РСМ "бр. 101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено со наш бр.15 – 698 од 03.11.2021, доставено од [redacted], донесе:

# РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 03.11.2021год. доставено од [redacted], се одобрува и се даваат следните информации:

- Општина Македонски Брод нуди волонтирање или практиканство. Истото го врши по барање доставено од студенти или средношколци.Досега покажале интерес 8 студенти и 3 средношколци.
- Општината нема направено одредено истражување или анализа за тоа колку младите се заинтересирани за волонтерство.
- Во Општина Македонски Брод, не е стигнато барање/молба од млади за покренување на одредена иницијатива во општината.
- Општината нема поддржано реализација на младински проект, освен организирање на спортски натпревари.
- Општина Македонски Брод нема изготвено Локална стратегија за млади и Локална стратегија за волонтерство.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted], до Општина Македонски Брод , достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое бара да и бидат доставени информации за целите на проектот „Are You (th) IN ?, имплементиран од Здружението на граѓани Младите можат, а поддржан од германската фондација Schuler Helfen Leben, кој е во врска со Документ за јавни политики.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Службено лице,
Милка Стаменкоска
М. Стаменк

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**ЖИВКО СИЛЈАНОСКИ дипл.шум.инж.**